Државен завод за статистика

80 години

# Макстат ИЗБОР, 2025



**Макстат ИЗБОР, 2025**

**Издавач:**
Државен завод за статистика, Скопје, „Даме Груев“ 4

**За издавачот:**
д-р Дејан Станков, директор

**Уредник:** Татјана Ѓорѓиевска

**Лектор на македонски јазик:** м-р Кирил Ангелов

**Дизајн и графичка обработка:** Татјана Ѓорѓиевска

**Печатено во:** ДПТУ МАР-САЖ Ташко ДООЕЛ

**Број на страници:** 66

**Број на примероци:** 50

**Скопје, 2025 година**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

311.312(497.7)"2025"(047)

МАКСТАТ избор : 2025 / [уредник Татјана Ѓорѓиевска]. - Скопје :
Државен завод за статистика, 2025. - 66 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-608-227-368-6

а) Статистички податоци -- Македонија -- 2025 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 67748869

## Предговор

Почитувани корисници,

Пред вас е изданието „МакСтат избор, 2025“, кое е резултат на нашите напори да ги презентираме најважните податоци од редовните статистички истражувања на Државниот завод за статистика едноставно, прегледно и визуелно впечатливо. Оваа публикација не е само збирка од бројки, туку внимателно избран сет од информации прикажани преку графикони, табели и инфографици со цел да ви помогне полесно да ја разберете динамиката на клучните социоекономски појави во Република Северна Македонија.

При подготовката на ова издание, посебно внимание посветивме на изборот на темите и индикаторите, за кои цениме дека ќе го привлечат вашето внимание и ќе ви овозможат брз увид во различни аспекти на општествените трендови. Со визуелната презентација на податоците, целта ни е да ги направиме статистичките информации лесно разбирливи за сите други корисници на официјалната статистика.

Сите податоци вклучени во ова издание може да ги најдете и во базата на податоци МАКСТАТ, достапна на нашата веб-страница, во која е овозможено детално пребарување и анализа според посакуваните параметри.

Ви благодариме за интересот за официјалната статистика и се надеваме дека ова издание ќе ви биде од полза при секојдневната работа, истражувањето и донесувањето одлуки што се темелат врз факти.

Скопје, декември 2025 година

Директор
д-р Дејан Станков

# Кратенки

| | | |
|---|---|---|
| J | = | џул |
| TJ | = | тераџул |
| kW | = | киловат |
| kWh | = | киловат час |
| MWh | = | мегават час |
| GWh | = | гигават час |
| hPa | = | хектопаскал |
| MMF | = | Меѓународен монетарен фонд |
| OECD | = | Организација за економска соработка и развој |
| OON | = | Организација на Обединетите нации |
| UNICEF | = | Меѓународен фонд за помош на децата при Обединетите нации |
| FAO | = | Организација за исхрана и земјоделство |
| СМТК | = | Стандардна меѓународна трговска класификација |
| СНС | = | Систем на национални сметки |
| КПД | = | Класификација на производите според дејности |
| НКД | = | Национална класификација на дејностите |
| ISIC | = | Меѓународна стандардна индустриска класификација |
| БДП | = | Бруто-домашен производ |
| СДВ | = | Странски директни вложувања |
| ЕПРВ | = | Еквивалент на полно работно време |
| (CHP) | = | Комбинирано производство на топлина |
| NGL | = | Природни течни гасови |
| LPG | = | Степени петрогасови |

# Знаци

| | | |
|---|---|---|
| - | = | нема појава |
| : | = | заштитен (индивидуален) податок |
| ... | = | не се располага со податок |
| * | = | коригиран податок |
| 0 | = | податокот е помал од 0.5 од дадената единица мерка |
| Ø | = | просек |
| 1) | = | ознака за фуснота под табела |
| ( ) | = | непотполн односно недоволно проверен податок |
| ↓ ← | = | опфатено со податокот во правец на стрелката |

# Содржина

Предговор ..... 3
Кратенки и знаци ..... 4
Население ..... 6
Образование ..... 11
Работна сила ..... 15
Квалитет на животот ..... 18
Култура и медиуми ..... 20
Животна средина ..... 22
Земјоделство и шумарство ..... 26
Економски сметки во земјоделството ..... 32
Енергија ..... 34
Бруто-домашен производ ..... 36
Цени и инфлација ..... 39
Надворешна трговија ..... 41
Градежништво ..... 44
Индустрија ..... 48
Деловни субјекти ..... 52
Развој и технологија ..... 55
Транспорт ..... 58
Внатрешна трговија и услуги ..... 62
Туризам ..... 64

## Во Република Северна Македонија, во 2024 година имало:

| | | Вкупно / Просечно на ден |
|---|---|---|
|  | Живородени: | 16 061 / 44 |
|  | Умрени: | 20 201 / 55 |
|  | Венчани: | 11 066 / 30 |
|  | Разведени: | 2 024 / 6 |

Според проценката на населението, (состојба на 30.06.2024 година), Република Северна Македонија има 1 824 359 жители, а според структурата по пол 49.5 % се мажи, а 50.5 % се жени. Густината на населението[1)] е 73.2 жители на 1 км$^2$. Најгусто населен е Скопскиот Регион со 335.3 жители, а најретко населен со 33.8 жители на 1 км$^2$ е Вардарскиот Регион.

Во 2024 година, просечната возраст на населението изнесува 41.5 години, 40.5 години кај мажите и 42.4 кај жените.

Според очекуваното траење на животот во Република Северна Македонија, жените живеат 78.9 години, односно за 4.4 години подолго од мажите, кои живеат 74.5 години.

## Структура на живородените деца според редот на раѓање, %




Во 2024 година, според возраста на мајката, најголемо учество, односно 31.8 % се живородени деца од мајки на возраст од 25 до 29 години.

Според редот на раѓањето, 6 857 се првородени, 6 123 се второродени, 2 118 се третородени, а регистрирани се и 8 живородени деца како деветто и повеќе. Според структурата по пол на живородените деца, поголемо учество од 51.5 % имаат машките, т.е. на 100 живородени женски деца 106.3 се машки.

Од вкупно 541 повеќекратно раѓање, 518 живородени деца се близнаци.

Бројот на вонбрачните живородени деца е 1 844 или 11.5 % од вкупниот број на живородените деца, а регистрирани се и 12 случаи на мајки под 15 години.

[1)] Густината на населението е пресметана според копнената површина.

Во 2024 година, според возраста, најмногу бракови биле склучени во старосната група од 25 до 29 години, односно 3 658 или 33.1 % кај жените и 3 871 или 35.0 % кај мажите.

Просечната возраст при склучувањето прв брак е 27.6 години за невестата и 30.1 година за младоженецот.

Според траењето на бракот, најмногу разводи, 488 или 24.1 %, се случиле од 5 до 9 години по склучувањето на бракот.

Според возраста, најголем број разводи кај жените имало во старосната група од 35 до 39 години, односно 359 или 17.7 %, а кај мажите во старосната група од 40 до 44 години, односно 347 или 17.1 %.

Просечната возраст кај умрените од машки пол изнесува 71.9 години, односно 76.8 години кај лицата од женски пол или за 4.9 години е повисока просечната возраст кај жените.

Умрени доенчиња се 47, а нивното учество е 0.2 % на 100 умрени лица.

## Умрени во 2024 година според причините за смрт[1)]

| | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **20 201** | **10 604** | **9 597** |
| Болести на циркулаторниот систем | 7 422 | 3 646 | 3 776 |
| Неоплазми | 3 958 | 2 325 | 1 633 |
| Ендокрини, нутритивни и метаболички болести | 1 558 | 663 | 895 |
| Болести на респираторниот систем | 829 | 501 | 328 |
| Болести на нервниот систем | 905 | 398 | 507 |
| Болести на генитоуринарниот систем | 638 | 339 | 299 |
| Болести на дигестивниот систем | 319 | 220 | 99 |
| КОВИД-19 | 26 | 17 | 9 |
| Повреди, труења и други одредени последици од надворешни причини | 511 | 348 | 163 |
| Симптоми, знаци и ненормални клинички наоди, некласифицирани на друго место | 3 957 | 2 112 | 1 845 |
| Друго | 78 | 35 | 43 |

Според Меѓународната класификација на болестите (МКБ-10), најголемо учество во вкупно умрените лица имаат умрените од болести на циркулаторниот систем (шифра I00-I99) со 36.7 %, потоа неоплазмите (шифра C00-D48) со 19.6 %, ендокрините, нутритивните и метаболичките болести (шифра E00-E90) со 7.7 %, болестите на респираторниот систем (шифра J00-J99) се застапени со 4.1 % и следат останатите, но со помала застапеност.

[1)] Меѓународна класификација на болестите, повредите и причините за смрт, 10. ревизија (ICD-X)



## Умрени во 2024 година според причините за смрт[1)], по региони




[1)] Меѓународна класификација на болестите, повредите и причините за смрт, 10. ревизија (ICD-X)

## Доселени граѓани по возраст, на ниво на регион, 2024 година




## Отселени граѓани по возраст, на ниво на регион, 2024 година



# Основни индикатори за образованието

| Учебна/академска година | 2023/2024 | 2024/2025 |
|---|---|---|
| Број на деца во детските градинки/центрите за ран детски развој[1)] | 37 804 | 37 871 |
| Детски градинки-установи | 117 | 118 |
| Број на ученици во редовните основни училишта | 182 124 | 180 627 |
| Број на ученици во редовните средни училишта | 67 278 | 67 143 |
| Број на ученици во основните училишта за ученици со посебни потреби | 535 | 460 |
| Број на ученици во средните училишта за ученици со посебни потреби | 247 | 265 |
| Број на  редовни основни училишта | 955 | 943 |
| Број на редовни средни училишта | 129 | 128 |
| Запишани студенти (прв циклус) | 52 316 | 53 535 |
| Дипломирани студенти  (прв циклус)[2)] | 7 422 | 7 021 |

[1)] Податоците се според состојбата на 30.09.2023 и на 30.09.2024 година.
[2)] Податоците се однесуваат на календарската 2024 година.

## Број на деца во градинки/центри за ран детски развој




Во 2024 година, во споредба со 2023, бројот на децата во детските градинки/центрите за ран детски развој е зголемен за 0.2 %.

## Запишани ученици во учебната 2024/2025 година




Во учебната 2024/2025 година, во редовните основни училишта се запишале 1 497 ученици помалку отколку во учебната 2023/2024 година.

Во редовните основни училишта, во учебната 2024/2025 година, во просек има 16 ученици по одделение, додека едно основно училиште во просек има 192 ученици.

На почетокот на учебната 2024/2025 година, во Република Северна Македонија се регистрирани 33 специјални основни училишта и во нив се запишале 460 ученици.

Во учебната 2024/2025 година, во редовните средни училишта се запишале 135 ученици помалку отколку во учебната 2023/2024 година.

67 % од вкупниот број ученици во редовните средни училишта се запишуваат во средните стручни училишта. Најпопуларни струки се здравствената со 25 %, економско-правната со 18 % и електротехничката со 17 %.

Во учебната 2024/2025 година, во приватните средни училишта се запишале 64 ученици повеќе отколку во учебната 2023/2024 година.

# Запишани студенти на додипломски студии во академската 2024/2025 година






Во академската 2024/2025 година, на прв циклус студии се запишани 53 535 студенти вкупно, и тоа 21 801 студенти се мажи и 31 734 се жени.

Во 2024 година, од вкупниот број дипломирани студенти (во прв циклус), 2 853 се мажи и 4 168 се жени.

## Број на дипломирани студенти (прв, втор и трет циклус) според научната област, 2024 година

| | Додипломски студии | Магистри | Специјалисти | Доктори |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 7 021 | 1 550 | 296 | 215 |
| Образование | 255 | 71 | 7 | 8 |
| Уметност и хуманистички науки | 774 | 114 | 18 | 36 |
| Општествени науки, новинарство и информирање | 456 | 196 | 82 | 25 |
| Бизнис, администрација и право | 1 864 | 644 | 0 | 31 |
| Природни науки, математика и статистика | 210 | 41 | 0 | 14 |
| Информатичко-комуникациски технологии (ИКТ) | 935 | 69 | 2 | 13 |
| Инженерство, производство и градежништво | 652 | 308 | 1 | 23 |
| Земјоделство, шумарство, рибарство и ветерина | 101 | 16 | 0 | 1 |
| Здравство и социјална заштита | 1 334 | 36 | 175 | 48 |
| Услуги | 440 | 55 | 11 | 16 |

Во 2024 година, дипломирале 9 082 студенти (во прв, втор и трет циклус).

Во 2024 година, 77 % од вкупниот број дипломирани студенти (во прв, втор и трет циклус) се студенти што дипломирале на додипломски студии.

Процентот на дипломирани студентки (во прв циклус) во вкупниот број дипломирани студенти во 2024 изнесува 59.4 %.

# Во Република Северна Македонија, во 2024:



## Активно население

| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Работна сила | 791 647 | 792 779 |
| Вработени | 688 296 | 694 506 |
| Невработени | 103 351 | 98 273 |
| Долгорочно невработени | 9.7 | 8.6 |
| Стапка на невработеност | 13.1 | 12.4 |
| Стапка на вработеност | 45.4 | 45.8 |

Во 2024 година бројот на вработени има благо покачување од 0.4 %.

Стапката на долгорочна невработеност во 2024 изнесува 8.6 % и бележи пад од 1.1 процентен поен споредено со претходната година.



[1)] Податоците од Анкетата за работна сила се ревидирани за периодот 2017 – 2021 година и се прилагодени според населението по пол, петгодишни возрасни групи и региони, Попис 2021.

## Стапка на вработеност




Стапката на вработеност во 2024 година бележи покачување и изнесува 45.8. Споредено со претходната година, таа е покачена за 0.4 процентни поени.

## Стапка на невработеност

Стапката на невработеност продолжува да бележи пад и во 2024 година изнесува 12.4. Споредено со претходната година, намалена е за 0.7 процентни поени.




[1] Податоците од Анкетата за работна сила се ревидирани за периодот 2017 – 2021 година и се прилагодени според населението по пол, петгодишни возрасни групи и региони, Попис 2021.

## Стапка на сиромаштијата според најфреквентниот статус на економската активност и полот, 2023 година, %




Месечниот износ на приходите, под кој се смета дека едно самечко домаќинство е сиромашно, во 2022 година изнесувал 10 800 денари, додека овој праг на сиромаштијата во 2023 година изнесувал 12 048 денари.

## Стапка на сиромаштијата пред и по социјалните трансфери, %

| | 2023 |
|---|---|
| Стапка на сиромаштијата по социјални трансфери | 22.2 |
| Стапка на сиромашни лица пред социјални трансфери и пред пензии | 40.0 |
| Стапка на сиромаштијата пред социјални трансфери со вклучени пензии | 25.0 |



## Култура и јавно информирање






Печатени книги и брошури

2022: 981
2023: 642
2024: 604



Број на кина

2022: 13
2023: 18
2024: 18



Број на професионални театри

2021/2022: 18
2022/2023: 18
2023/2024: 19

**Посетители на претстави во кината, професионалните театри и организираните ликовни изложби**




Во 2024 година, во споредба со 2023 година, бројот на прикажаните филмски претстави е зголемен за 2.3 %.

Во сезоната 2023/2024, во однос на 2022/2023 година, вкупниот број на прикажаните претстави во професионалните театри е зголемен за 11.5 %.

Во 2024 година, бројот на организираните ликовни изложби е 560 и во споредба со 2023 година е зголемен за 1 %.

Во истиот период, за 29.4 % е зголемен бројот на ликовните уметници учесници на изложбите, а за 27.6 % е зголемен и бројот на посетителите на ликовните изложби.

## Количество на комунален отпад по жител



2024: 438 кг/жител

2023: 503 кг/жител

## Инвестиции и трошоци за заштита на животната средина

2024: 10 милијарди денари

2023: 9 милијарди денари



## Создаден комунален отпад во Република Северна Македонија и годишно количество на собран комунален отпад, 2024

| | Создаден комунален отпад (во тони) | Собран комунален отпад (во тони) |
|---|---|---|
| 2015 | 786 182 | 620 328 |
| 2016 | 796 585 | 160 289 |
| 2017 | 786 881 | 635 875 |
| 2018 | 854 865 | 625 386 |
| 2019 | 915 943 | 632 484 |
| 2020 | 913 033 | 630 086 |
| 2021 | 896 066 | 632 087 |
| 2022 | 856 766 | 605 638 |
| 2023 | 878 303 | 621 686 |
| 2024 | 790 866 | 637 471 |

Од вкупното количество создаден комунален отпад, собрани се 80.6 %. Во вкупното количество собран комунален отпад, најголемо е учеството на измешаниот комунален отпад со 85.8 %, а потоа на органскиот отпад со 5.2 %. Најмало е учеството на собран отпад од гума со 0.2 %.

## Инвестиции и трошоци за заштита на животната средина

| Инвестиции и трошоци според намената | Вкупно, илјади денари | Учество, % |
|---|---|---|
| Инвестиции за заштита на животната средина | 6 717 936 | 100 |
| Заштита на воздухот | 1 030 789 | 15 |
| Управување со отпадни води | 2 992 348 | 45 |
| Постапување со отпад | 1 442 979 | 21 |
| Останато | 834 514 | 19 |
| Трошоци за заштита на животната средина | 3 785 587 | 100 |
| Заштита на воздухот | 47 959 | 1 |
| Управување со отпадни води | 436 684 | 12 |
| Постапување со отпад | 1 043 502 | 27 |
| Останато | 1 452 611 | 60 |

Во 2024 година, инвестициите за заштита на животната средина изнесуваат 6 717 936 илјади денари. Управувањето со отпадните води има најголемо учество со 45 % во структурата на инвестициите за заштита на животната средина во 2024 година.

Вкупните трошоци за заштита на животната средина во 2024 година изнесувале 3 785 587 илјади денари, при што најголемо учество имале трошоците за постапување со отпад: 28 %.

## Испуштени отпадни води во Република Северна Македонија, 2024 година

во илјади м³

| | |
|---|---|
| Вкупно | 117 164 |
| Непречистени води | 88 453 |
| Во подземни води | 59 233 |
| Во водотек | 29 219 |
| Во акумулации | - |
| Во езера | - |
| Пречистени води | 28 711 |
| Во подземни води | 3 901 |
| Во водотек | 23 701 |
| Во акумулации | 985 |
| Во езера | 124 |

Од вкупното количество испуштени отпадни води во 2024 година, 75.5 % биле непречистени, а 24.5 % пречистени отпадни води.

## Даноци за заштита на животната средина по категории

милиони денари

| Категорија на даноци | 2023 | Учество % |
|---|---|---|
| Вкупно даноци за животна средина | 12 198 | 100 |
| Даноци за енергенти | 6 032 | 49 |
| Даноци за загадување | 135 | 2 |
| Даноци за транспорт | 6 031 | 49 |
| Даноци за природни ресурси | - | - |

Во 2023 година, најголемо учество во вкупните даноци за животната средина имаат даноците за енергенти со 49 %, по што следат даноците за транспорт со 49 % и даноците за загадување со 1 %.

## Вкупна емисија на стакленички гасови по сектор

$CO_2$ - еквивалентно [kt]

| | Вкупно | Енергија | Индустриски процеси | Земјоделство | LULUCF | Отпад |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 9 558 | 7 964 | 588 | 1 755 | - 1 360 | 611 |
| 2018 | 8 643 | 7 430 | 651 | 1 704 | - 1 763 | 621 |
| 2019 | 9 633 | 8 501 | 763 | 1 368 | - 1 634 | 635 |

Извор: Министерство за животна средина и просторно планирање

Емисиите на стакленички гасови се презентираат според видот на гасот: $CO_2$, $CH_4$, $N_2O$, PFCs и HFCs.

Во 2019 година, 93 % од емисиите во секторот Енергетика се од енергетските индустрии, транспортот и производствените индустрии и градежништвото. CO2 ги прави речиси сите емисии во секторот Енергетика.

Учеството на емисиите во секторот Индустриски процеси изнесува 12 % и најголемиот дел од емисиите од овој сектор доаѓаат од металната индустрија (производство на феролегури), потоа следи Минералната индустрија, а најмногу емисии се предизвикани од Производството на цемент. Од 15 % учество на емисиите во секторот Земјоделство, 80 % се припишуваат на сточарството. Во 2019 година, 7 % од емисиите потекнуваат од секторот Отпад. Процентот на емисии од депониите на цврст отпад од вкупните емисии изнесувал 80 %.

## Производство на одделни култури

тони

| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Пченица | 215 165 | 229 309 |
| Тутун | 23 713 | 24 116 |
| Домати | 116 383 | 115 681 |
| Пиперки | 247 417 | 247 476 |
| Јаболка | 80 283 | 127 696 |

Во 2024, во однос на 2023 година, производството на домати е намалено, а на пченицата и јаболката е зголемено.

## Органско растително производство, 2024 година

| | Површина, хектари | | | Производство, тони | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Органско | Во преод | Вкупно | Органско | Во преод |
| ЖИТНИ КУЛТУРИ | | | | | | |
| Пченица | 527 | 464 | 63 | 1 086 | 882 | 205 |
| Пченка | 152 | 85 | 67 | 523 | 248 | 275 |
| Јачмен | 1 070 | 733 | 338 | 2 143 | 1 037 | 1 106 |
| ЗЕЛЕНЧУК | | | | | | |
| Домати | 3 | 0 | 3 | 58 | 8 | 50 |
| Пиперки | 1 | 1 | 0 | 16 | 16 | 0 |
| Лубеници | 45 | 0 | 45 | 102 | 0 | 102 |
| ОВОШКИ | | | | | | |
| Јаболка | 80 | 47 | 33 | 408 | 249 | 159 |
| Сливи | 57 | 37 | 20 | 272 | 250 | 22 |
| Вишни | 32 | 12 | 20 | 5 | 5 | 0 |

Извор: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## Број на добиток

| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Говеда | 148 693 | 143 953 |
| Свињи | 193 412 | 179 682 |
| Овци | 587 073 | 517 128 |
| Кози | 85 528 | 97 918 |

Во 2024 година, во однос на претходната година, бројот на кози е во пораст.

## Учество на одделни видови добиток во вкупниот број добиточни единици во 2024 година




## Добиточно органско производство, 2024 година

| | Број | | | Производство на млеко, илјади литри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Органско | Во преод | Вкупно | Органско | Во преод |
| Говеда | 9 444 | 4928 | 4 516 | 126 | 31 | 95 |
| Овци | 108 012 | 51 531 | 56 481 | 2 246 | 790 | 1456 |
| Кози | 5 065 | 2 722 | 2 343 | 201 | 77 | 125 |

Извор: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## Производство на сурово млеко во 2024 година




### Производство на кравји млечни производи, во тони

| | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|
| Конзумно млеко | 26 697 | 22 337 | 27 168 |
| Павлака | 3 463 | 2 386 | 4 072 |
| Ферментирани млечни производи | 41 662 | 39 564 | 38 862 |
| Кравјо сирење | 4 513 | 4 554 | 4 258 |
| Путер | 407 | 4 554 | 275 |

## Вкупен откуп и продажба на земјоделски производи

тони

| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Пченица | 19 894 | 36 257 |
| Јачмен | 8 825 | 7 280 |
| Пченка | 4 868 | 2 739 |
| Говеда | 713 | 630 |
| Свињи | 9 141 | 8 708 |
| Овци | 27 | 849 |
| Домати | 13 388 | 13 057 |
| Јаболка | 27 448 | 14 315 |

## Површина под шума и друго земјиште




Република Северна Македонија се простира на површина од 25 436 км$^2$. Шумите во Република Северна Македонија покриваат 40.1 %, односно повеќе од 1/3 од вкупната површина на земјата.

Вкупната површина под шума во 2024 година, споредено со 2019 година, е зголемена за 0.78 %, а споредено со 2014 година, зголемувањето е 4.46 %.

## Пошумување во и надвор од шума




Вкупната површина на пошумување во шума и надвор од шума во 2024 година, во однос на 2019 година, е намалена за 63.8 %, а споредено со 2014 година, намалувањето е 67.2 %.

## Вкупна исечена бруто-дрвна маса




Вкупно бруто-исечената дрвна маса во 2024 година, споредено со 2023 година, е намалена за 13.8 %, а во однос на 2019 година е намалена за 20.7 %.

## Вкупен улов на риби во 2024 година




## Број на пчелни семејства




Извор: Агенција за храна и ветеринарство

## Инпут - аутпут во земјоделството



## Распределба на вредноста на производството во земјоделството, 2023




Вредноста на растителното производство има најголемо учество во вкупната вредност на производството во земјоделството со 77.3 %, добиточното производство учествува со 19.3 %, а услугите и неземјоделските секундарни дејности во земјоделството учествуваат со 3.3 %.

## Бруто-примарно производство на електрична енергија од обновливи извори, 2024[1)]




1) Претходни податоци

## Финална енергетска потрошувачка во домаќинствата по видови енергенти, 2024 година[1)]




| Финална енергетска потрошувачка по сектори, 2024[1)] година | |
|---|---|
| | во 000 toe |
| Сообраќај | 867.319 |
| Домаќинства | 476.561 |
| Индустрија | 307.863 |
| Други сектори | 152.373 |
| Земјоделство | 18.700 |

| Финална енергетска потрошувачка во индустријата по видови енергенти, 2024[1)] година | |
|---|---|
| | во 000 toe |
| Електрична енергија | 120.216 |
| Вкупно нафтени продукти | 132.199 |
| Цврсти горива | 4.270 |
| Природен гас | 43.804 |
| Биомаса | 6.951 |
| Топлинска енергија | 0.423 |

[1)] Претходни податоци

## Структура на финалната потрошувачка на домаќинствата (национален концепт), 2023




Во 2023 година, финалната потрошувачка на домаќинствата беше највисока за храна и безалкохолни пијалаци (31.2 %), по што следи потрошувачката за бруто-станарина, вода, електрична енергија и други горива (23.3 %) и за сообраќај (9.5 %).

## БДП според производниот метод, по тековни цени (во милиони денари)

| | 2023 | 2024[1)] |
|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 56 259 | 58 645 |
| Градежништво | 54 931 | 60 184 |
| Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 161 879 | 171 849 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита | 108 361 | 120 177 |
| Останати услуги | 405 617 | 422 112 |
| Нето-даноци на производи | 115 859 | 131 122 |
| БРУТО-ДОМАШЕН ПРОИЗВОД | 902 905 | 964 087 |

## Компоненти на БДП според трошочниот метод, по тековни цени (во милиони денари)




[1)] Претходни податоци

## Бруто-домашен производ

| | 2023 | 2024[1)] |
|---|---|---|
| БДП по тековни цени (ЕУР милиони) | 14 668 | 15 668 |
| Годишна стапка на растот на БДП (%) | 2.6 | 3.0 |
| БДП по глава на жител (ЕУР) | 8 025 | 8 588 |

Бруто-домашниот производ во Република Северна Македонија во 2023 година изнесува 14 668 милиони евра или 8 025 евра по глава на жител.

## Годишна стапка на раст на БДП




Реалната стапка на раст на бруто-домашниот производ во 2023 година изнесува 2.6 %. Во изминатите десет години, стапката на раст на БДП беше највисока во 2015 и 2021 година, 4.2 %, а најниска во 2020 година, кога БДП забележа пад од -4.7 %.

## Структура на финалната потрошувачка на домаќинствата според трајноста (национален концепт)

| | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Трајни производи | 5.2 | 4.8 | 5.5 |
| Полутрајни производи | 5.2 | 4.9 | 4.7 |
| Потрошни производи | 49.7 | 50.2 | 48.2 |
| Услуги | 40.0 | 40.1 | 41.5 |

Во периодот од 2021 до 2023 година, учеството на трошоците за потрошните производи во вкупната вредност на трошоците за финална потрошувачка на домаќинствата е најголемо, а учеството на полутрајните производи е најмало.

[1)] Претходни податоци

# Цени и инфлација

| | Разлика во цена помеѓу годините | | Просечна годишна цена на мало | | Колку може да се купи со просечна плата | Разлика помеѓу годините |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | денари | Леб од пченично брашно (тип 500) | кг | кг |
| 2014 | ↑ | +58 | 49.23 |  | 435 | +96 |
| 2024 | | | 77.72 | | 531 | |
| | | % | денари | Масло за јадење | л | л |
| 2014 | ↑ | +31 | 61.62 |  | 347 | +164 |
| 2024 | | | 80.74 | | 511 | |
| | | % | денари | Јајца | парче | парче |
| 2014 | ↑ | +20 | 8.27 |  | 2 587 | +1 570 |
| 2024 | | | 9.92 | | 4 157 | |
| | | % | денари | Шеќер, кристал | кг | кг |
| 2014 | ↑ | +63 | 34.99 |  | 611 | +111 |
| 2024 | | | 57.05 | | 723 | |
| | | % | денари | ЕУРОСУПЕР-БС 95 | л | л |
| 2014 | ↑ | +3 | 77.56 |  | 276 | +239 |
| 2024 | | | 80.06 | | 515 | |
| | | % | денари | Хамбургер | парче | парче |
| 2014 | ↑ | +93 | 90.02 |  | 238 | -1 |
| 2024 | | | 173.91 | | 237 | |

Зголемувањето на индексот на трошоците на животот од 3.5 % во 2024 година, во споредба со претходната година, е резултат на повисоките индекси во групите: Ресторани и хотели за 9.9 %, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 7.6 %, Здравје за 5.3 %, Разновидни стоки и услуги за 5.1 %, Рекреација и култура за 4.9 %, Мебел, покуќнина и одржување на домаќинствата за 3.8 %, Облека и обувки за 3.1 %, Комуникации, Храна и безалкохолни пијалаци за 2.9 %, Транспорт, Домување, вода, електрика, гас и други горива за 1.4 % и Образование за 0.2 %.

## Годишен пораст на трошоците за живот - инфлација




Инфлацијата мерена со индексот на трошоците за живот во последните десет години се движи од 14.2 % во 2022 година до дефлација од -0.3 % во 2015 година. Во 2024 година стапката на инфлација изнесуваше 3.5 %.

# Извоз/увоз по производи, 2024[1)]




1) Претходни податоци

## Извоз и увоз на стоки




Трендот на зголемување на покриеноста на увозот со извозот започнат во 2010 се задржува и во 2024 година. Во 2024 година, процентот на покриеноста изнесува 70.4 %, што е зголемување за 2.4 % во споредба со 2014 година.

## Стоковна размена со странство според видовите на транспорт на граница, 2024[1)]

| Вид на транспортот | Извоз | | Увоз | |
|---|---|---|---|---|
| | количество во тони | учество во вкупниот извоз, % | количество во тони | учество во вкупниот увоз, % |
| **Вкупно** | **3 390 211** | **100.0** | **6 639 745** | **100.0** |
| Железнички | 72 678 | 2.1 | 358 927 | 5.4 |
| Патен | 3 286 114 | 96.9 | 5 929 027 | 89.3 |
| Воздушен | 724 | 0.0 | 526 | 0.0 |
| Поштенски | 36 | 0.0 | 22 | 0.0 |
| Посебни видови на транспорт (цевководен или електрични водови) | 6 947 | 0.2 | 231 492 | 3.5 |
| Друг | 23 712 | 0.7 | 119 751 | 1.8 |

[1)] Претходни податоци

# Стоковна размена според економската групација на земјите, 2024[1)]




Во 2024 година, Република Северна Македонија има остварено најголем извоз – од земјите членки на ЕУ – во Германија (51.8 %), од земјите членки на ЕФТА – во Швајцарија (92.9 %), од земјите на Западен Балкан – во Србија (40.3 %) и од останатите земји се издвојуваат Турција (25.1 %) и Велика Британија (16.7 %).

Во 2024 година, Република Северна Македонија има остварено најголем увоз – од земјите членки на ЕУ – од Германија (21.5 %), од земјите членки на ЕФТА – од Швајцарија (94.8 %), од земјите на Западен Балкан – од Србија (69.9 %) и од останатите земји се издвојуваат Велика Британија (27.8 %) и Кина (24.5 %).

[1)] Претходни податоци

# Градежништво



8.0%

од вработените во земјата работат во секторот Градежништво



+22.6%

Вредност на извршените градежни работи за јавните објекти во 2024, во споредба со 2023

-10.5%

Број на издадени одобренија за градење во 2024, во споредба со 2023



## Основни податоци

| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Број на завршени станови | 5 776 | 7 917 |
| Корисна површина на завршените станови ($м^2$) | 543 039 | 645 257 |
| Вредност на извршени градежни работи, вкупно (илјади денари) | 50 644 079 | 54 200 236 |
| Вредност на извршени градежни работи во индивидуална сопственост (илјади денари) | 32 715 175 | 32 218 877 |
| Вредност на извршени градежни работи во јавна сопственост (илјади денари) | 17 928 904 | 21 981 359 |
| Вредност на извршени градежни работи во странство (илјади денари) | 189 758 | 192 519 |
| Број на издадени одобренија за градење | 3 932 | 3 521 |

Вредноста на извршените градежни работи во индивидуална сопственост во 2024 година е намалена за 1.5 % во однос на претходната година.

## Број на издадени одобренија за градење




Во 2024 година, најголем број (56.0 %) издадени одобренија за градба се за високоградба. Речиси секое трето одобрение е за нискоградба.

## Предвидена вредност на издадените одобренија за градење




Во 2024 година, предвидената вредност на издадените одобренија за градење е поголема за 2.9 % во однос на претходната година.

## Вредност на извршените градежни работи според видовите објекти, 2024




## Број на издадени одобренија за градење и предвидени станови



## Изградени станови според бројот на соби




Од вкупно изградените станови во 2024 година, најмногу биле изградени двособни станови (35.2 %), а најмалку пет и повеќесобни (9.3 %).

Речиси секој трети стан што е изграден во 2024 година е двособен.

Во 2024 година, бројот на завршени станови е за 37.1 % поголем во однос на претходната година.

Просечната корисна површина на завршените станови е 81.5 $м^2$.

## Вредност на потрошените градежни материјали и енергија, по години, во илјади денари

| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Елементи за ѕидање | 165 979 | 91 350 |
| Елементи за тавани и сводови | 12 634 | 20 364 |
| Префабрикувани елементи и готови конструкции | 353 113 | 199 049 |
| Материјали за врзување | 5 065 871 | 5 139 572 |
| Агрегати и профилиран материјал од камен | 681 390 | 768 469 |
| Материјали за армирање и прицврстување | 1 350 812 | 1 410 401 |
| Дрвена граѓа | 70 399 | 70 744 |
| Изолациски материјал и премази | 998 061 | 1 004 423 |
| Материјал за покриви | 26 274 | 17 205 |
| Материјал за подови и обложување ѕидови | 86 357 | 78 734 |
| Материјал за инсталации на вода, канализација, греење, вентилација, санитарии | 618 863 | 480 585 |
| Материјал за инсталации на јака и слаба струја | 54 405 | 35 555 |
| Друг материјал и елементи за вградување | 609 680 | 731 288 |
| Потрошено гориво | 1 765 874 | 1 931 166 |

Во вкупната вредност на потрошените градежни материјали и енергија, во 2024 година, најголемо учество има групата Материјали за врзување со 5 139 572 илјади денари (42.9 %), во која спаѓаат цементот, свежиот бетон подготвен за лиење и асфалтот.

# Индустрија, 2024



Производство на вино на точење
444 013 хл




Производство на цемент
806 297 тони



Производство на ферментиран тутун
11 540 тони



Производство на цигари, од тутун
1 866 тони

Најголемо учество во структурата на индустриското производство во 2024 година имаат одделите Производство на прехранбени производи (10.9 %), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (7.97 %), Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (16.9 %), Производство на облека (5.7 %), Производство на машини и уреди, неспоменати на друго место (5.5 %) и Производство на електрична опрема (7.5 %).

Производството на вино на точење во 2024 година, во споредба со 2023 година, е зголемено за 18.0 %.

Производството на ферментиран тутун во 2024 година, во споредба со 2023 година, е намалено за 31.7 %.

Во 2024 година, произведени се 443 автобуси и други возила и во споредба со 2023 година се бележи намалување на производството за 34.8 %.

Прометот во индустријата остварен на странските пазари во 2024 година е намален за 13.8 % во споредба со 2023 година и во 2021 година учествува со 82.0 % во вкупниот промет во индустријата.

**Месечни индекси на индустриското производство, прометот и работниците во индустријата**



## Учество на фирмите според бројот на вработените во вкупниот број фирми што се регистрирани во областа на индустријата во 2023 година

Од вкупно 72 181 активни деловни субјекти во Република Северна Македонија, 8 460 (11.7 %) се со претежна дејност од областа на индустријата.

Од 8 460 деловни субјекти, чија претежна дејност е во индустријата, дури 7 020 деловни субјекти се со помалку од 10 вработени (од 0 до 9).




## Индекси на продажните цени на производителите на индустриски производи



## Учество на главните индустриски групи во вкупниот индекс на индустриското производство




Во 2024 година, кај главните индустриски групи учеството во вкупниот индекс на индустриското производство е најголемо кај Нетрајните производи за широка потрошувачка со 31.4 %, додека најмало учество има групата Трајни производи за широка потрошувачка со 4.2 %.

Производството на готови лекови во 2024 година, во споредба со 2023 година, е намалено за 5.5 %.

# Деловни субјекти[1)], 2024[2)]




[1)] Податоците се однесуваат на активните деловни субјекти од нефинансискиот сектор
[2)] Претходни податоци

## Основни структурни деловни показатели[1)]

| | 2023 | 2024[2)] |
|---|---|---|
| Број на претпријатија | 68 150 | 68 889 |
| Број на вработени | 434 185 | 432 319 |
| Промет, во милиони денари | 2 090 624 | 2 152 867 |
| Додадена вредност по фактор трошок, во милиони денари | 445 895 | 486 170 |
| Трошоци за вработените, во милиони денари | 230 219 | 260 902 |
| Бруто-деловен вишок, во милиони денари | 215 679 | 225 268 |

Според претходните податоци за 2024 година, со зголемен број претпријатија за 1.1 % и намален број на вработени за 0.4 %, реализирани се зголемен промет за 3.0 % и зголемена додадена вредност за 9.0 % во однос на претходната година.

## Основни структурни деловни показатели, по сектори на дејност, 2024[2)]

Најголемо учество во вкупната додадена вредност имаат секторите Услуги со 36.4 % и Преработувачка индустрија со 25.9 %.

Според големината, најголем придонес во вкупната додадена вредност имаат средните и големите деловни субјекти од преработувачката индустрија со 20.1 %, односно микро и малите субјекти од областа на трговијата со 13.3 %.




1) Податоците се однесуваат на активните деловни субјекти од нефинансискиот сектор
2) Претходни податоци

## Структура на прометот во 2024[1)2)]




Најголемиот дел од вкупниот промет е реализиран во секторите Трговија и Преработувачка индустријата, т.е. 64.5 %.

## Демографија на претпријатија[1)]

### Новосоздадени и згаснати претпријатија




6 260 новосоздадени претпријатија се регистрирани во 2023 година, што е за 2.1 % помалку во однос на 2022 година.

Во 2023 година згаснале 8 665 претпријатија, односно 83.8 % повеќе во однос на 2022 година. Најголем дел од нив, 30.4 %, се од областа на Трговијата.

84.4 % од новосоздадените во 2023 година, односно 81.1 % од згаснатите деловни субјекти во 2022 година се друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва.

[1)] Податоците се однесуваат на активните деловни субјекти од нефинансискиот сектор
[2)] Претходни податоци

# Информатичко-комуникациски технологии, 2023 година






## Производи/услуги нарачани во последните 12 месеци




## Ниво на пристап до интернет кај домаќинствата во последните 12 месеци

Извор: Евростат



## Корисници (15-74) на интернет во последните 3 месеци, по образовни групи (%)






## Корисници (15-74) на интернет во последните 3 месеци, според работниот статус (%)





## Корисници на интернет (15-74 години) во првото тримесечје од годината




Во првото тримесечје од 2023 година, интернет користеле 85.3 % од лицата на возраст од 15 до 74 години, за разлика од 2013 година, кога користеле интернет само 65.4 %.

## Претпријатија со најмалку 10 вработени што имале пристап до интернет

Во 2023 година, 96.2 % од претпријатијата со најмалку 10 вработени имале пристап до интернет.



# Транспорт

| | | 2023 | 2024 | ↑↓ |
|---|---|---|---|---|
| Воздухопловен патнички превоз |  | 3 142 510 | 3 169 418 | ↑0.9 % |
| Железнички товарен превоз |  | 817 182 | 857 825 | ↑5.0 % |
| Езерски патнички превоз |  | 60 450 | 66 600 | ↑10.2 % |
| Регистрирани патнички автомобили |  | 552 934 | 580 210 | ↑4.9 % |
| Број на загинати лица во патни сообраќајни незгоди |  | 127 | 142 | ↑11.8 % |

Во 2024 година, на Меѓународниот аеродром – Скопје и на аеродромот „Свети Апостол Павле“ биле превезени 3 169 418 патници, што претставува зголемување за 0.9 % во однос на 2023 година.

Во 2024 година, во просек, на 1 000 жители се регистрирани по 318 патнички возила.

Просечната старост на патничките автомобили во 2024 година изнесува 19.4 години.

## Основни индикатори за транспортот

| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Должина на патиштата, во км | 14 902 | 15 015 |
| Должина на железничките пруги, во км | 908 | 908 |
| Патнички автомобили на 1 000 жители | 302.8 | 318.3 |
| Градски и приградски јавен превоз, илјади патници | 43 049 | 37 889 |
| Железнички патнички превоз, илјади патници | 280 | 238 |
| Патен товарен превоз, илјади тони | 68 109 | 84 347 |
| Железнички товарен превоз, илјади тони | 817 | 858 |

Превезените количества стоки во железничкиот превоз во 2024 година се зголемени за 5.0 % во однос на 2023 година.

Превезените количества стоки во патниот товарен превоз во 2024 година се зголемени за 23.8 % во однос на 2023 година.

## Превезени патници со автобуси, 2024




## Патен товарен превоз, 2024



## Регистрирани патни моторни превозни средства на електрична енергија, 2024




Во 2024 година, од 2039 регистрирани патни моторни превозни средства на електричен погон, 23.6 % се мотоцикли, 73.9 % се патнички автомобили, 1.6 % се товарни автомобили, автобуси 0.7 % и 0.1 % се работни возила.

## Загинати и повредени во сообраќајни незгоди




Во 2024 година, на патиштата во Република Северна Македонија загинале 142 лица.

## Трговија на мало



## Трговија на големо



| | 2024 | |
|---|---|---|
| Учество на фирми што имаат дејност во секторот Трговија | | 31.4 % |
| Процент од вкупно вработените што работат во секторот Трговија | | 22.5 % |
| Процент од вкупниот промет остварен во секторот Трговија | | 40.2 % |



Едно од 4 лица во Република Северна Македонија работи во секторот Трговија.

Во 2024 година, 31.4 % од деловните субјекти имале дејност во секторот Трговија.




## Деловни субјекти во секторот Трговија




Во 2024 година, во споредба со 2023 година, бројот на фирмите во секторот Трговија е намален за 1.1 %, бројот на вработените е намален за 1.4 %, а прометот е зголемен за 6 %.

Извор: Структурни деловни статистики што го опфаќаат нефинансискиот сектор.

1) Претходни податоци

## Број на легла според видовите на сместувачки објекти




## Доаѓања на туристи според видовите на објекти за сместување




## Ноќевања на туристи според видовите на објекти за сместување






Во 2024 година имало вкупно 72 110 легла.

Во 2024 година, од регистрираните 1 260 425 туристи, 34 % се домашни, а 66 % странски туристи.

Во 2024 година, 1 532 639 ноќевања (46 %) беа остварени од странски туристи.

## Доаѓања на туристи




Во 2024 година, бројот на туристите е зголемен за 8 % во однос на 2023 година, и тоа: кај домашните туристи има намалување за 1 %, а кај странските има зголемување за 13 %.

## Ноќевања на туристи

Во 2024 година, во однос на 2023 година, има зголемување на ноќевањата за 5 %, кај ноќевањата на домашните туристи има зголемување за 2 %, додека кај ноќевањата на странските туристи е забележано зголемување за 9 %.



# Индекси на доаѓања и ноќевања на туристи, 2024/2023




Во 2024 година, туристите од државите членки на Европската Унија учествуваат со 37 % во вкупниот број на странските туристи. Во однос на 2023 година, бројот на туристите од Европската Унија во 2024 година е зголемен за 2 %.

Во 2024 година, ноќевањата на туристите од државите членки на Европската Унија бележат 41 % во вкупниот број ноќевања на странските туристи, но е намален за 1 % во однос на 2023 година.

Учеството на туристите од седумте држави со најголем број ноќевања во 2024 година – Турција, Србија, Холандија, Германија, Грција, Полска и Бугарија – во вкупниот број ноќевања на странските туристи е 60 %.